Прилог 2:

ОБРАЗЕЦ
ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАР НА ПРИВАТНИ ФОНДОВИ

Реден број	Полн назив на приватниот фонд	Скратен назив на приватни от фонд	Големина на приватни от фонд	Време на кое е основан приватни от фонд	Полн назив на друштвото за управување со приватни фондови	Скратен назив на друштвото за управување со приватни фондови	Седиште и адреса на друштвото за управување со приватни фондови	Матичен број на друштвото за управување со приватни фондови	Висина на основна главнина на друштвото за управување со приватни фондови	Датум на запишување на приватни от фонд во Регистар от	Датум на бришење на приватни от фонд од Регистар от	Промена на било кои претходни податоци
1.												
2.												
3.												
4.												
5.												
6...												

1119.

Врз основа на член 190 став 1 и член 27 став 9 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005 и бр. 25/2007), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 02.07.2007 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРИВАТНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во член 3 став (2) од Правилникот за формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност (Службен весник на РМ бр. 6/2007), зборовите "потпис на" се заменуваат со зборовите "потпишан на секоја страница од".

Член 2

Во член 3 од Правилникот за формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност (Службен весник на РМ бр. 6/2007), се додава нов став (5) кој гласи:

"(5) Во прилог кон Барањето издавачот доставува изјави од лицата на кои е упатена приватната понуда дадени под целосна морална, материјална и кривична одговорност и заверени кај нотар дека лицето на кое е упатена приватната понуда, вклучувајќи ги и лицата поврзани со него/неа, не поседува акции во друштвото кое врши приватна понуда на хартии од вредност на денот на донесување на одлуката за емисија на акции односно продажба на сопствени акции, како и на денот на поднесување на барањето до Комисијата за хартии од вредност и нема да стекнува акции во истото друштво до денот на одлучување по барањето од страна на Комисијата за хартии од вредност."

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-2026/1
2 јули 2007 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
проф. д-р **Весна Пендовска,**с.р.

1120.

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/2005 и бр. 25/2007), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 02.07.2007 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. На Клириншка куќа Клириншки интербанкарски системи АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - шеста емисија на 493 обични акции во износ од 4.930.000 денари, согласно Одлуката бр. 02-1/21 од 04.04.2007 година за зголемување на основната главнина со средства на друштвото со издавање акции по пат на приватна понуда со шеста емисија.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката бр. 02-1/21 од 04.04.2007 година за зголемување на основната главнина со средства на друштвото со издавање акции по пат на приватна понуда со шеста емисија.